II КОНГРЕС НА ТРАНСФУЗИОЛОЗИТЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

29.09 - 02.10. 2004 год, ОХРИД

# 50 ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО КРВОДАРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

Камчев Н., Витларова Ј., Иванова Л., Камчева М.

Доброволното дарување на крв претставува израз на високи етички, хуманитарни, морални и патриотски вредности, но истовремено и граѓанска должност и обврска на секој човек.

На 19.03.1953 година започнува со работа Станицата за трансфузија на крв во состав на општата болница во Штип. Постигнатите резултати во изминатите 50 години се прикажани на  Граф. 1 и Граф. 2

# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ 50 ГОДИНИ
## 1953-2003 год



# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ 50 ГОДИНИ
# 1953-2003 год



Периодот од 50 години организирано крводарување во општина Штип може да се подели во три периоди:

1. Период од основањето на Станицата за Трансфузиологија во состав на општата болница (19.03.1953 до 01.05.1980 година) и извршување на работните задачи без лекар специјалист трансфузиолог.

Постигнатите резултати се прикажани на Граф.3 и Граф. 4.

# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1953 - 1980 ГОД



# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1953 - 1980 ГОД



2. Период од 01.05.1980 до распаѓањето на поранешна СФРЈ (1991г.). Се карактеризира со извршување на работни задачи од 3 доктори специјалисти. Крводарувањето се одвива во работната единица и преку т.нар. мобилни екипи надвор од работната единица трансфузиологија.

Постигнатите резултати се прикажани на Граф. 5 и Граф. 6.

# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1979 - 1991 ГОД




Од графиконот јасно може да се воочи дека интензивниот развој на крводарителството во општина Штип започнува од 1980 година.

# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1979 - 1991 ГОД



# *ОСТВАРЕНИ КРВОДАРУВАЊА ВО 1979 и 1991 год*




Од 827 крводарувања во 1979 година до 4895 крводарувања во 1991 година.

# ОСТВАРЕНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД (1979-1991)




Односот на даруваните крвни единици на терен и во работната единица.

3. Третиот период започнува по осамостојувањето на Република Македонија, а се карактеризира со многу силни политички, економски, социјални и морални потреси во Република Македонија, коишто директно и индиректно доведоа до стагнирање или поточно постојано опаѓање на бројот на остварените крводарувања и напуштање на општествената грижа за крводарителството и статусот на крводарителите.

Постигнатите резултати се прикажани на Граф. 9 и Граф. 10

# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1991 - 2003 ГОД



# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ПЕРИОД 1991 - 2003 ГОД



# ОСТВАРЕНИ КРВОДАРУВАЊА НА ТЕРЕН И ВО РЕ ВО ПЕРИОД (1992-2003)



# РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО ОПШТИНА ШТИП ИЗРАЗЕНИ ВО % ВО ПЕРИОД 1979 - 2003 год



## *Графички приказ на крводарителите кои даруваа крв по прв пат и повеќекратни дарители, во период 1979-2003 година*




Во испитуваниот период од 1979-2003година во просек по прв пат даруваа само 9237 или 14.16%, а повеќекратни дарители 55.967 или 85.83%.

*Возрасни групи на крводарители за период 1979-2003 година*




**Најголем процент (55,91%) од крводарителите се на возраст од 26-40 години.Потоа следува возрасната група над 40 години (24,14%), и (19,93%) возрасната група од 18-26 години.**

## *Однос мажи : жени за период 1979-2003 година*




**Во просек 67,8% се мажи, а жени 32,1%.**

## *Социјална структура на крводарителите во период 1979-2003 год.*




67,33% се работници од непосредното производство. По нив следуваат учениците со 12.6%, потоа невработени, стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок со 8,42% итн.

# ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИ И НЕВРАБОТЕНИ КРВОДАРИТЕЛИ ВО 1991 И 2003 год.



Во наредниот период треба да следи:

1. Реорганизација на Трансфузиолошката служба во Република Македонија;

2. Реорганизација на Црвениот крст на Република Македонија;

3. Обезбедување доволно буџетски средста;

4. Донесување на Закон за Трансфузиолошка дејност.